ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 27 – 149/8

Дата: 25.09.2012

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА ДЕМИР ХИСАР**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Психијатриска болница – Демир Хисар (во натамошниот текст – Психијатриска болница) на фондовска сметка за 2011 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Психијатриска болница за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи како и во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2011 година.

Согласно одредбите од член 68-а од Законот за здравствена заштита, Фондот за здравствено осигурување на Македонија како купувач на здравствени услуги склучил договор со Психијатриска болница во кој се регулирани прашањата за начинот на фактурирање на извршените услуги и начинот на плаќање на истите. За 2011 година Психијатриска болница има извршено здравствени услуги на товар на Фондот во износ поголем за 16.293 илјади денари во однос на договорениот лимитиран износ и истите се сторнирани, односно не се признати како побарувања кои треба да се наплатат во наредниот период. Наведеното предизвикало влошување на финансиската состојба на Психијатриска болница, особено во услови кога има многу ненаплатени побарувања од Министерството за здравство по основ на извршени здравствени услуги согласно Програмите за здравствена заштита во износ од 34.706 илјади денари. Министерството за здравство извршило распределба на

средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата, во обем на средства одобрени од Буџетот на Република Македонија за тековната година, но во отсуство на пишани критериуми и утврдена постапка за распределба на финансиските средства по програми. Наведеното ја намалува транспарентноста на распределените средства, а исплатата не е соодветна на преземените активности и остварените цели на програмите.

Психијатриска болница подолго време се соочува со проблемот на недостиг на кадар, неопходен за непречено извршување на дејноста. Во текот на 2010 и 2011 година доставени се неколку барања до Министерството за здравство заради вработување на лица од различен профил: лекари специјалисти од областа на психијатрија, психолози, социјален работник, дипломиран фармацевт и НКВ работници. Барањата се однесуваат за работни места кои се предвидени со актот за систематизација и организација и истите се испразнети. Во барањата е нагласена старосната структура на лекарите со напомена дека дел од нив во наредните години треба да заминат во пензија. За наведените барања не се добиени одговори од Министерството за здравство.

Во услови кога јавната здравствена установа не може да ги надомести здравствените услуги согласно Програмите за здравствена заштита и заради примената на новите референтни цени при надоместување на здравствените услуги, состојбата во врска со реновирање на објектите останува непроменета. Психијатриска болница функционира во објекти кои делумно се реновирани, но повеќето се во многу лоша состојба кои не ги задоволуваат ниту минималните стандарди за сместување. Истите не можат да се обноват или реновираат заради недостигот на средства за инвестициони активности. Особено е за истакнување дека според Методологијата за утврдување на референтни цени на здравствени услуги, во цената на здравствената услуга се вклучуваат калкулативни елементи, помеѓу останатото и амортизацијата на инструментите и апаратите со кои се врши услугата, амортизацијата на објектите во кои се врши здравствената услуга, трошоците за тековно и инвестиционо одржување, меѓутоа во референтните цени не се вклучени сите пропишани калкулативни елементи, односно не се исплатени средства за амортизација на постојаните средства. На тој начин цените не ги надоместуваат целосно трошоците кои учествуваат при давање на здравствени услуги, при што се влошува тековната ликвидност на јавната установа и не остануваат доволно средства за капитални инвестиции.

Од страна на одговорното лице не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани од страна 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на Психијатриска болница на фондовската сметка кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Психијатриска болница за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Психијатриска болница застапувана од:

- Д-р Снежана Најдовска, в.д. директор

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Психијатриската болница се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки на добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на

финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 25.06.2012 до 10.07.2012 година од тим на Државниот завод.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Психијатриска болница за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Психијатриска болница на ден 23. 07. 2012 година.
Од страна на одговорното лице не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок.

### 4.1. Финансиски извештаи

4.1.1. Психијатриска болница располага и функционира во објекти кои не се целосно легализирани, а се евидентирани во сметководствената евиденција и во Билансот на состојба, што не е во согласност на одредбите од член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и сметководствените начела, според кои внесувањето на податоците во деловните книги треба да се заснова врз веродостојни и вистинити сметководствени документи. На овој начин евидентирани се материјални средства во поголем износ во финансискиот извештај Биланс на состојба.

Во текот на 2010 и 2011 година одговорното лице на Психијатриска болница има покренато постапка за легализација на бесправно изградените објекти до Комисијата за легализација во општина Демир Хисар и во Ресен, за објектите во кои функционира јавната установа и за три објекти – камп куќички кои се лоцирани во с. Асамати – Ресен.

4.1.2. Долгорочните вложени средства не се реално искажани во Билансот на состојба заради тоа што договорите кои се склучени во 90-тите години за продажба на станови со 23 лица, вработени во Психијатриска болница, во вкупен износ од 3,780 илјади денари се искажани неосновано како долгорочни побарувања од вработени. Според склучените договори Психијатриска болница е носител на правото на сопственост на становите, а сопственоста е стекната со договор за здружување на средства за станбена изградба, склучен со Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор – Подрачна единица Битола. Според договорот отплатата се врши на 40 години, при што средствата се уплатувани во деловните банки со кои се склучени договори.
Врз основа на изнесеното, а заради фактот што становите преминуваат во сопственост на лицата кои ги исплатиле обврските, а средствата претставуваат приход кој се уплатува во деловните банки, истите не можат да добијат третман на долгорочни вложувања.
Во текот на ревизија одговорното лице презеде активности со што становите од сметководствената се евидентирани во вонбилансната евиденција. Истите ќе бидат евидентирани вонбилансно се додека не се добие доказ дека лицата кои склучиле договори целосно ги исплатиле средствата за купување на становите.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти финансиската состојба на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар на ден 31.12.2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Согласно одредбите од член 68-а од Законот за здравствена заштита, Фондот за здравствено осигурување на Македонија како купувач на здравствени услуги склучил договор со Психијатриска болница во кој се регулирани прашањата за начинот на фактурирање на извршените услуги и начинот на плаќање на истите. Имајќи го предвид износот во склучениот договор кој претставува ограничување на средствата кои се очекуваат да се добијат од Фондот за здравствено осигурување на Македонија и износот на вкупната реализација искажана во фактурите и во месечните извештаи, ревизијата констатира дека не се работи за вистинско купување на извршените здравствени услуги. Наведеното предизвикало влошување на финансиската состојба на Психијатриска болница, особено во услови кога има многу ненаплатени побарувања од Министерството за здравство по основ на извршени здравствени услуги согласно програмите. За 2011 година Психијатриска болница има извршено здравствени услуги на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во износ поголем за 16.293 илјади денари во однос на договорениот лимитиран износ.

6.2. Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Министерството за здравство извршило распределба на средствата на јавните здравствени установи по програми врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата, во обем на одобрените средства од Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Во отсуство на пишани критериуми и утврдена постапка за распределба на финансиските средства по програми, истите се одобруваат во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи.

Ваквата состојба оневозможува:

- транспарентна распределба на средствата на поединечните јавни здравствени установи;
- сообразување на преземените активности и одобрените средства по програми поради што наплатата на побарувањата по наведените основи од Министерство за здравство не може да се изврши во целост;
- остварување на целите по програми.

На ден 31.12.2011 година Психијатриска болница има ненаплатени побарувања од Министерството за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 34.706 илјади денари.

## 7. Нагласување на прашања на неизвесност

7.1. Психијатриска болница подолго време се соочува со проблемот на недостиг на кадар, неопходен за непречено извршување на дејноста. Во текот на 2010 и 2011 година доставени се неколку барања до Министерството за здравство заради вработување на лица од различен профил: лекари специјалисти од областа на психијатрија, психолози, социјален работник, дипломиран фармацевт и НКВ работници. Барањата се однесуваат за работни места кои се предвидени со актот за систематизација и организација и истите се испразнети. Во барањата е нагласена и старосната структура на лекарите со напомена дека дел од нив во наредните години треба да заминат во пензија. За наведените барања не се добиени одговори од Министерството за здравство. За истакнување е потребата од вработување на работник кој би бил ангажиран околу функционирањето на пекарата, која е изградена пред две години, а не е во функција само заради недостиг на кадар. Според укажувањата на одговорните лица, со пуштање во употреба на пекарата и со сопствено производство на леб и бели пецива би се заштеделе околу 40% средства на годишно ниво.

7.2. Во врска со новите референтни цени на пакетите за болнички ден и дневни болници, објавени во „Службен весник на Р.М.“ број 181 од 2011 година, а со примена од 2012 година, одговорното лице на Психијатриска болница, заедно со одговорните лица на останатите две психијатриски болници во Скопје и Негорци со допис се обратиле до Министерството за здравство и до Фондот за здравствено осигурување на Македонија заради заедничко разгледување на објавените референтни цени и влијанието на истите врз работењето на јавните здравствени установи. Имено, според пресметките за цената на чинење при хоспитализација на пациентите и за дневно болничките пациенти, новите референтни цени не можат да ги надоместат трошоците на јавните здравствени установи. Истовремено, примената на овие референтни цени не се совпаѓа со претходно донесената Одлука на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, со која за Психијатриска болница е утврден буџет за 2012 година во износ од 134.490 илјади

денари, а со примената на новите референтни цени ќе се намали износот на фактурираната реализација за околу 27.884 илјади денари, што ќе има влијание при утврдување на наредните буџети на Психијатриска болница. На овој начин, се очекува да се влоши финансиската состојба на здравствената установа и да се намали ликвидноста, што е особено значајно заради редовно сервисирање на тековните обврски.

7.3. За истакнување е состојбата во која се наоѓа Психијатриска болница, условите во кои работат вработените лица и престојуваат пациентите. Согласно законската регулатива, пред се Законот за ментално здравје, Законот за заштита на правата на пациентите, секое лице со ментална болест има право да ги користи сите граѓански, политички, економски, социјални и културни права, признати во Универзалната декларација за човекови права и Принципите на ООН за заштита на лицата со ментална болест и за подобрување на заштита на менталното здравје. Психијатриска болница функционира во објекти кои делумно се реновирани, но повеќето се во многу лоша состојба која не ги задоволува ниту минималните стандарди за сместување (Прилог слики од објектите). Во услови кога јавната здравствена установа не може да ги надомести здравствените услуги согласно Програмите за здравствена заштита и заради примената на новите референтни цени, состојбата во врска со реновирање на објектите останува непроменета. Особено е за истакнување дека според Методологијата за утврдување на референтни цени на здравствени услуги, во цената на здравствената услуга се вклучуваат калкулативни елементи, помеѓу останатото и амортизацијата на инструментите и апаратите со кои се врши услугата, амортизацијата на објектите во кои се врши здравствената услуга, трошоците за тековно и инвестиционо одржување, но со добиените средства од Фондот за здравствено осигурување на Македонија по основ на извршените здравствени услуги, не се надоместени трошоците по основ на амортизација на постојаните средства. Во прилог на наведеното е писменото барање што е доставено од Фондот за здравствено осигурување на Македонија со кое се бараат предлози за нови и измена на постојните референтни цени на здравствени услуги заради соодветно вреднување на сите здравствени услуги. Меѓутоа, во писменото барање е приложена табела, која не ги содржи сите трошоци кои се предвидени со претходно наведената Методологија, односно не се вклучени трошоците за амортизација за постојаните средства.

## Јавна здравствена установа Психијатриска болница Демир Хисар
## фондовска сметка
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2011 | 2010 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 133,969 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **133,969** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 84,245 | 0 |
| Стоки и услуги | 43,650 | 0 |
| Каматни плаќања | 658 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 4,833 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **133,386** | **0** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 583 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **583** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **133,969** | **0** |

**Јавна здравствена установа Психијатриска болница Демир Хисар**

**фондовска сметка**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања | 0 | 74,830 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 0 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 15,495 | 33,342 |
| Залихи | 3,268 | 2,740 |
| Аванси, депозити и кауции за набавка на стока | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **18,763** | **110,912** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 0 | 0 |
| Материјални добра и природни богатства | 12,384 | 16,731 |
| Материјални средства | 72,504 | 72,124 |
| Материјални средства во подготовка | 496 | 496 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 9,153 | 9,153 |
| **Вкупно постојани средства** | **94,537** | **98,504** |
| **Вкупна актива** | **113,300** | **209,416** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 8,897 | 26,576 |
| Краткорочни финансиски обврски | 21 | 21 |
| Обврски спрема државата и други институции | 0 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 6,577 | 6,735 |
| Пасивни временски разграничувања | 0 | 74,838 |
| **Вкупно тековни обврски** | **15,495** | **108,170** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 97,805 | 101,246 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **97,805** | **101,246** |
| **Вкупна пасива** | **113,300** | **209,416** |

**Јавна здравствена установа Психијатриска болница Демир Хисар**

**фондовска сметка**

## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА

**во 000 денари**

| Опис | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2011 година** | 98,536 | 2,710 | 101,246 |
| **Зголемување по основ на:** | 5,830 | 22,654 | 28,484 |
| Набавки | 236 | 22,654 | 22,890 |
| Преостапени средства | 150 | | 150 |
| Ревалоризација на капитални средства | 5,444 | | 5,444 |
| **Намалување по основ на:** | 9,829 | 22,095 | 31,924 |
| Отстапени згради на трајно користење | 6,945 | | 6,945 |
| Прекнижување | 72 | | 72 |
| Амортизација | 2,812 | | 2,812 |
| Потрошени залихи | | 22,095 | 22,095 |
| **Состојба 31.12.2011 година** | 94,537 | 3,269 | 97,806 |